Предлог

Врз основа на член 106 став 2 и став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 45 став 1 од Статутот на  Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден _.01.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член на Училишен одбор на**
**ООУ ,,Блаже Конески” Велес, претставник на Општина Велес**

1. За член на Училишен одбор на ООУ ,,Блаже Конески” Велес, претставник на Општина Велес, се именува:

   ___________________________

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение:

На ден 20.01.2025 година од страна на претседателот на Училишниот одбор на ООУ ,,Блаже Конески” Велес до претседателот на Советот на Општина Велес е доставено Известување за престанок на мандат на член на Училишен одбор на ООУ ,,Блаже Конески” Велес претставник на Општина Велес со арх.бр.25-580/1 од 20.01.2025 година.

Врз основа на член 106 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25): „ Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот“ и став 5: „ Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години“.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.12.2021 година донесе Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ООУ „Блаже Конески“ Велес со бр.25-4804/12.

Поради истек на три годишниот мандат на именуваниот член на Училишен одбор на ООУ ,,Блаже Конески” Велес, Сениха Брзева, претставник на Општина Велес, потребно е да се именува нов член на Училишен одбор на ООУ ,,Блаже Конески” Велес, претставник на Општина Велес.

Врз основа на гореизнесеното, а со цел непречено функционирање на Училишниот одбор во целосен состав, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 20 -01- 2025
Орг. един: 25 | Број: 580/1 | Прилог: 1 | Вредност:

**ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВЕЛЕС**
*ул. Љубљанска бр. 1 Велес тел.043/222-090*
*e-mail:oublazekoneski@yahoo.com www.blazekoneskiveles.com*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Бр. 03-2/1
20. 01 2025 год.
ВЕЛЕС

До
Совет на Општина Велес

Предмет: Известување

Почитувани,

ООУ„Блаже Конески“ Велес Ве известува дека лицето Сениха Брзева како член во Училишен Одбор е номонирано од страна на Општина Велес на ден 16.12.2021г. Поради тоа што е истечен нејзиниот мандат, а за непречено одвивање на работата на Училишниот Одбор при ООУ„Блаже Конески“ Велес Ве замолуваме во најкраток временски период да номинирате ново лице.

Со почит,

Претседател на Училишен Одбор
Петар Петков